**РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА**
**МИНИСТЕРСТВО ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
**Број** 19443832 5/1
**Скопје** 10 -06- 2009

Врз основа на член 205 став 1 од Законот за општата управна постапка ("Сл. Весник на РМ" број 38/05 и 110/08), член 13 и 34 од Законот за заштита од експлозивни материи ("Сл. Весник на СРМ" број 04/78; 10/78; 51/88 и 36/90 и "Сл. весник на РМ" број 12/93, 66/07 и 84/08), член 4 од Законот за промет на експлозивни материи ("Сл. лист на СФРЈ" број 30/85, 6/89, 53/91 и "Сл. весник на РМ" бр. 12/93, 66/07 и 86/08), а во врска со член 5 од Уставниот закон за спроведување на Уставот на Република Македонија ("Сл. весник на РМ" број 52/91 и 4/92), се издава

**ОДОБРЕНИЕ ЗА ПРОИЗВОДСТВО И ПРОМЕТ НА ПИРОТЕХНИЧКИ ПРОИЗВОДИ ЗА ВРЕМЕНСКА МОДИФИКАЦИЈА, ЗАБАВА И ОБУКА**

**на Друштвото за производство и трговија "ИЦЕМАК" ДОО увоз-извоз од Скопје, со ЕМБС 5933447 и ЕДБ 4030004530072, ул. "Бојмија" број 8/1-12, Скопје**

основачи /сопственици:

**ПАТРИК ХУБЕРТ СВИНИ**
**ЕМБГ/ЕМБС: 07450870**
**Северна Дакота – Сиетел**
**државјанин на САД;**

**ДОНЧО АНЧОВСКИ**
**ЕМБГ/ЕМБС: 1402954450192**
**ул. "Бојмија" број 8/1-12, Скопје**
**државјанин на Р. Македнија;**

**ЏЕЈМС ПАУЕЛ ГАНКЕЛМАН**
**ЕМБГ/ЕМБС: 209023699,**
**Северна Дакота – Сиетел,**
**државјанин на САД;**

одговорно / овластено лице:

**ДОНЧО АНЧОВСКИ**
**ЕМБГ/ЕМБС: 1402954450192**
**ул. "Бојмија" број 8/1-12, Скопје**
**државјанин на Р. Македнија**

**Производството и прометот на пиротехнички производи за временска модификација, забава и обука се одобрува да се врши во објектите што се наоѓаат на локација: КП 570 и КП 571 во Долна Присојница, КО Сопиште, Општина Сопиште на ул.24бб-Скопје.**

**Образложение**

ДПТ "ИЦЕМАК" ДОО увоз-извоз од Скопје, поднесе барање и достави документација за издавање на одобрение за вршење на дејност производство и промет на

пиротехнички производи за временска модификација, забава и обука, за вршење на сопствените стопански активности.

ДПТ "ИЦЕМАК" ДОО увоз-извоз од Скопје е мешовита македонска – американска фирма со основна дејност производство и промет на пиротехнички и експлозивни производи за временска модификација, забава и обука. Во производните објекти ќе се произведува градобијана ракета наменета за овластени правни лица, лесна забавна пиротехника (фонтани, римски свеќи, чадови за естради) и производи од едукативно – вежбовен карактер за потребите на војската и полицијата (сигнални куршуми и чадни бомби), со дневно присуство од 20 кг пиротехничка смеса или еквивалентно на 3,13 кг тринитротолуол експлозив (ТНТ). Складирањето на готови производи и суровини со експлозивен карактер (амониум перхлорат, црн барут и др.) ќе се врши во четири (4) вкопани приручни магацини, при што вкупното експлозивно полнење на готови производи и суровини не смее да биде повеќе од 20 кг.

За бараната дејност барателот има стручни лица кои ќе ракуваат со пиротехничките и експлозивни материи и производи при процесот на производство, како и лица кои ќе помагаат при складирањето, чувањето, набавката и превозот на пиротехничките и експлозивни материи и производи.

Барањето за одобрение за производство, складирање и употреба на пиротехнички средства со акт бр.17.12-40704/1 од 25.06.2008 година е доставено до Министерството за одбрана со цел добивање на мислење во врска со истото. Од страна на Министерството за одбрана со акт бр.15/3-978/2 од 13.11.2008 година дадено е позитивно мислење за издавање на одобрение за производство, складирање и употреба на пиротехнички средства на ДПТ "ИЦЕМАК" ДОО УВОЗ-ИЗВОЗ Скопје.

По разгледување на доставеното барање и приложената документација, како и по спроведената постапка се утврди дека се исполнети законски предвидените услови се донесе решение како во диспозитивот на ова одобрение.

Административна такса е наплатена согласно Законот за административни такси ("Сл. весник на РМ" бр. 17/93, 20/96, 07/98,13/01, 24/03, 19/04; 61/04; 95/05; 70/06; 92/07; 88/08) е наплатена.

ПОУКА ЗА ВЛОЖУВАЊЕ НА ПРАВНО СРЕДСТВО:

Против ова решение незадоволната странка може да изјави жалба преку Министерството за внатрешни работи на Република Македонија-Скопје, Одделение за оружје, експлозивни и опасни материи до Комисијата за решавање во управна постапка во втор степен од областа на внатрешните работи, судството, државната управа, локалната самоуправа и работите од верски карактер при Владата на Република Македонија во рок од 15 дена по приемот на решението. Жалбата се таксира со 250 денари административни таксени марки согласно Законот за административни такси.

**МИНИСТЕР**
**ЗА ВНАТРЕШНИ РАБОТИ**
***М-р Гордана Јанкулоска***